# Родени во Белгија Професионалци

Вашиот советник ќе ви постави неколку прашања,како се чувствувате , каква е вашата ситуација...

Врз основа на вашите одговори ке ви биде предложена пилагодена нега и заштита.

Преку дигиталната платформа , сите ние даватели на нега (во болниците, општите лекари, акушерки , социјални работници...) врз основ на вашите одговори од кои можеме да видиме што е веќе направено и што ќе биде потребно понатаму. На тој начин сите тие можат подобро да соработуваат и да ви пружат оптимална соработка во текот на бременоста.



## Ви нудиме поддршка **и помош во текот на** бременоста **преку давателот на нега**

BORN
IN BELGIUM
PROFESSIONALS



# Родени во Белгија Професионалците ви нудат , преку вашиот давател на нега:

Поддршка на полето на психосоцијална благосостојба

Помош при користење на средства

Поддршка во вашата семејна состојба

Помош при изградба на јака социјална мрежа

Насочување кон организациитие кои нудат финансијска и административна помош

Подобро искуство во текот на бременоста преку решавање на вашите потреби за нега

Би сакале листата со прашања на Родени во Белгија Професионалци да ја исполниме заедно , со помош на платформата Родени во Белгија. Овој прашалник е наменет за подобра поддршка на бремените жени во однос на психосоцијалната благосостојба.Прашалникот е одобрен од стана на етичкиот комитет на Универзитетската Болница во Брисел на 18 декември 2019 (познат како научно истражување Б.У.Н. 143201941861).

Дали се сложувате да учествувате во проектот “Родени во Белгија Професионалци”? Тогаш вашиот давател на здравствена нега ќе ви постави голем број на прашања преку кои ќе се процени вашата моментална животна ситуација и вашата благосостојба. Во зависност од избраните одговори ,ќе ви биде предложен план за нега.

Понатаму е потребна вашата согласност за:

- Да го одговорите прашалникот преку ‘’Born in Belgium Pro-platform’’ платформата заедно со вашиот давател на нега;
- Ќе ви биде предложена нега врз основа на вашите одговори на овој прашалник приспособени кон вашите потреби;
- Вашите одговори на овој прашалник (составен од податоци за идентификација и психосоцијални податоци) ќе бидат зачувани на безбедна е-платформа и ќе бидат видливи само за овластените лица кои се обврзани со (медицинска) професионална тајна и без обрска за пријавување. Сето ова за што е можно поефикасна поддршка;
- Дека вашите анонимни податоци ќе се користат во статистички цели за подобрување на функционирањето на платформата ‘’Born in Belgium Pro-platform’’.

Вашето учество на проектот“Born in Belgium Professionals” можете да го прекинете во секој момент без да наведете било каква причина. Исто така, во секое време можете да ја повлечете вашата согласност за обработка на вашите податоци. Понатамошната нега ке ви биде загарантирана од вашиот давател на нега.

Доколку се согласите да учествувате во научното истажување, вашите податоци ќе останат анонимни. Во секој момент можете да се повлечете од учеството во студијата.

Секоја ваша согласност и потврда во присуство на давателот на нега ќе биде регистрирана на платформата ‘’Born in Belgium Professionals‘‘ .

Вработените во ‘’Born in Belgium Professionals‘‘, од одделот ‘’Together we Care vzw‘‘, придаваат големо значење на вашата приватност и ги почитуваат сите права и прописи при обработка на вашите лични податоци. Изјавата за приватност која е достапна на вебстраницата , го објаснува функционирањето на истата.

# Ги почитуваме вашите права и приватност

Давателот на нега ги прибива само информациите кои се неопходни за правилно откривање и насочување на (евентуалните) потреби на бремените жени:

- Вашите податоци за контакт;
- информации во врска со бременоста, вашата лична ситуација и психосоцијална благосостојба;
- Која е вашата нега и/или даватели на нега.

Овие податоци се зачувуваат (така што вашето име не е поврзано со вашите одговори) во безбедна база на податоци почитувајки ја приватноста ,GDPR-законот , се до завршиувањето на потребната грижа.

Другите ваши даватели на здравствени услуги кои се обврзани кон (медицинска) професионална тајна, имаат пристап до овие податоци. Давателите на не здравствена нега немаат пристап до вашите здравствени податоци.

Во секој момент имате пристап до вашите лични податоци, истите можете да ги корегирате или дополните и да ги видите одговорите на прашалникот како и да ги испечатите.

Изјавата за приватност со преглед на партнерите учесници е достапна онлајн на https://borninbelgiumpro.be/

Video Born in Belgium Professionals:
Op YouTube: Born In Belgium Professionals

V.U.: vzw Together we Care - Bellestraat 161, 1790 Affligem - info@borninbelgiumpro.be